# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk


# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК


| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **04.07.2016 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 6 – 2016 год.** |

ЈУЛИ 2016

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15 , 217/15 и 31/16), член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03), а по барање на Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија,бр.03-2178/2 од 26.05.2016 год. Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.06.2016 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба за поставување на урбана опрема-јарбол за истакнување на државното знаме во градот Македонски Брод**

1.Се утврдува потреба за поставување на урбана опрема-јарбол во висина од 30м. за истакување на државното знаме во градот Македонски Брод на следната локација:

Ул.„Партизанска“, м.в.Градски парк“, дел од КП бр.3990 за КО Македонски Брод градежно неизградено земјиште во сопстаност на Република Македонија.

2.Врз основа на Одлуката за утврдувње на потреба за поставување на урбана опрема-јарбол во висина од 30 м.за истакување на државното знаме во градот Македонски Брод, Градоначалникот на општината Македонски Брод ќе издаде Решение за поставување на урбана опрема-јарбол.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр. 18 – 516 /3**
**29.06.2016 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема-јарбол за истакнување на државното знаме во градот Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема-јарбол за истакнување на државното знаме во градот Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.06.2016 година.

**Бр.08- 516 /10**
**04.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29 јуни 2016 година донесе

# О Д Л У К А

За исплата на надоместок за откуп на земјиште за КО Суви дол

**Член 1**

Согласно оваа Одлука на лицата сопственици на недвижен имот за КО Суви дол да им се исплати паричен надоместок во износ од 240,00 денари за $м^2$ за откуп на земјиште кое се наоѓа на КП 494 со површина од $72м^2$, КП 493 со површина $87м^2$ и КП 496 со површина од $410м^2$ на која ќе се изведуваат градежни работи за изградба на игралиште во кругот на училиштето ПУ во село Суви дол.

**Член 2**

За исплата на надоместокот,помеѓу општина Македонски Брод и сопствениците на недвижниот имот на кои им се откупува земјиштето ќе се склучи Спогодба за начинот на плаќањето, квадратурата, износот и постапката за плаќање на надоместокот помеѓу двете страни, по претходно утврдена квадратура од вежечки имотен лист.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за финансиски прашања при општина Македонски Брод да ја спроведе наведената одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18- 516/4**
**29.06.2016 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за исплата на надоместок за откуп на земјиште за КО Суви дол**

Се прогласува **Одлуката за исплата на надоместок за откуп на земјиште за КО Суви дол**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.06.2016 година.

**Бр.08- 516 /10**
**04.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.06.2016 година донесе

# О Д Л У К А
## за изградба на пешачки мост на река Треска во Македонски Брод

**Член 1**

Согласно оваа одлука ќе се одобрат финансиски средства за изградба на пешачки мост (коњски скок) на река Треска во Македонски Брод од градски плоштад до гостилница Маме.

**Член 2**

Се задолжува службата односно комисијата за јавни набавки да објави тендер за изработка на техничка документација и изградба на пешачкиот мост..

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 516/5**
**29.06.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за изградба на пешачки мост на река Треска во Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за изградба на пешачки мост на река Треска во Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.06.2016 година.

**Бр.08- 516 /10**
**04.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.06.2016 година донесе

# О Д Л У К А
**за збратимување на Општина Македонски Брод Република Македонија со м.з Јабука Република Србија**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на предлог на градоначалникот и донесената одлука од страна на м.з Јабука Р.Србија бр.4-3/2016 од 30.05.2016 година донесе одлука за збратимување на нашата општина Македонски Брод Република Македонија и МЗ Јабука Република Србија.

**Член 2**

Советот на општина Македонски Брод го овластува градоначалникот на Општина Македонски Брод да на свечен начин го потпише протоколот за збратимување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 516/6**
**29.06.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за збратимување на Општина Македонски Брод Република Македонија со м.з Јабука Република Србија**

Се прогласува **Одлуката за за збратимување на Општина Македонски Брод Република Македонија со м.з Јабука Република Србија**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.06.2016 година.

**Бр.08- 516 /10**
**04.07.2016 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 18-513/1 од Добривој Силјаноски ул.И.И.Цветан Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.06.2016 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок за одбивање на доставеното барање за поставување на одводни цевки од главниот одвод до семејната куќа на барателот бидејќи законска обврска е на барателот да спроведе приклучување со свои сопствени средства.

2 Овој заклучок важи за сите поднесени барања од физички и правни лица за активности кои се регулирани со закон односно истите со овој заклучок ке бидат одбиени.

3.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 516/ 7**
**29.06.2016 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 6 од 04.07.2016 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема-јарбол за истакнување на државното знаме во градот Македонски Брод …………………………………………………… стр.2

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема-јарбол за истакнување на државното знаме во градот Македонски Брод ............................. стр.3

Одлука за исплата на надоместок за откуп на земјиште за КО Суви дол ............................ стр.4

Заклучок за прогласување на Одлука за исплата на надоместок за откуп на земјиште за КО Суви дол ........................................................................................................................ стр.5

Одлука за изградба на пешачки мост на река Треска во Македонски Брод ….................. стр.6

Заклучок за прогласување на Одлука за изградба на пешачки мост на река Треска во Македонски Брод ..........................................................................................................стр.7

Одлука за збратимување на Општина Македонски Брод Република Македонија со м.з. Јабука Република Србија ....................................................................................................... стр.8

Заклучок за прогласување на Одлука за збратимување на Општина Македонски Брод Република Македонија со м.з. Јабука Република Србија ............................................................ стр.9

Заклучок по поднесено барање ........................................................................ стр.10